anne frank house

# Прирачник за локалните координатори на патувачката изложба

## *Ана Франк – историја за денес*

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

# Содржина

Вовед

Вашата улога на локален координатор

За куќата на Ана Франк

За Младински образовен форум

За патувачката изложба

Избор на локацијата на изложбата, поставување и симнување на панелите

Водење низ изложбата – врсничка едукација

Вклучување на заедниците

Договарање и координација на групните посети

Свеченоста на отворањето на изложбата

Материјали за односи со јавноста и медиумската промоција на изложбата

Дополнителни образовни можности и материјали покрај изложбата

Договор со МОФ, локалниот партнер на Куќата на Ана Франк

Превезување на изложбениот материјал

Трошоци на патувачката изложба

Известување за гостувањето на изложбата во вашиот град

Додатоци

- Упатства за склопување на изложбените конструкции – поставување на изложбата
- Упатства за дополнително зацврстување и одржување на изложбата

## Вовед

Патувачката изложба „Ана Франк – Историја за денес“ досега е посетена од повеќе од пет милиони луѓе во четириесетина држави.

Изложбата е една од најпознатите светски едукативни изложби на темата за холокаустот и за човековите права. Осмислена е во средината на 90-тите години на 20 век бидејќи повеќето луѓе не се во можност да ја посетат Куќата на Ана Франк во Амстердам и да го видат местото на кое се сокривале Ана Франк и уште седуммина домашни од нацистите во текот на две години, од 1942 до 1944.

Изложбата е повеќе од плакати поставени на ѕид. Во текот на годините Куќата на Ана Франк, заедно со разните партнерски организации во дел од светот, има произведено мноштво помошни материјали за да ги приближи што подобро темите на изложбата до публиката. Едукативниот пристап на изложбата го користи животот и приказната на Ана Франк како појдовна точка на разговор за темите на толеранцијата и дискриминацијата во многу поширок контекст. Клучните поими што ја насочуваат изложбата се критичкото мислење, врсничката едукација, како и контекстуализацијата на историјата.

Во овој прирачник ќе запознаете разни аспекти на координирањето на образовните кампањи врзани со изложбата „Ана Франк – историја за денес“. Оваа задача бара, меѓу другото, талент за организација и посветеност на задачата, како и преданост кон вредностите на човековите права и почитта на различностите. Накратко, таа бара време и труд, а сигурно ќе се сретнете и со разнолики препреки што понекогаш ќе ви предизвикаат и фрустрации. Но, од друга страна, ќе стекнете нови вештини и искуство. Најважно од сè – заеднички ќе пружите образовна алатка мошне потребна во денешниот свет.

Изразите што се користат во прирачникот, а имаат родово значење, се неутрални и на еднаков начин се однесуваат и на машкиот и на женскиот род.

EIDHR субвенција

Изложбата е произведена и доведена во Хрватска благодарение на финансирањето на Европската Унија преку *Instrument for Democracy and Human Rights* (EIDHR). Во текот на проектот што траеше 18 месеци и заврши во јуни 2014 година. Изложбата беше преведена и изработена, па ги посети Загреб, Риека, Сплит, Осиек и Чаковец. Севкупно 120 групи ученици се проведени низ изложбата од страна на нивните средношколски врсници, значи севкупно повеќе од 8000 луѓе ја видоа

HISTORIJA ISTORIJA POVIJEST

„Хисторија, Историја, Повјест – лекции за сегашноста“ е проект финансиран со средствата од Европската унија во склоп на кој патувачката изложба доаѓа во Босна и Херцеговија, Македонија и Србија. Проектот трае од 2015 до 2017 година и ги опфаќа работилниците *Memory Walk*, семинарите за наставниците, како и гостувањата на изложбата во дел од регионот.




Вашата улога на локален координатор

Организацијата на изложбата е релативно едноставна, се состои од неколку основни делови:

1. Да се обезбеди простор за тренинг и изложба (барем 100 $m^2$).

- не се потребни посебни потфати во просторот, бидејќи изложбениот материјал се наоѓа во самостојните панели
- изложбата ја сложуваат учениците на вториот ден од тренингот
- за првиот ден од тренингот потребна е училница со проектор.

2. Да се најдат ученици што ќе бидат водичи на изложбата.

- не е нужно да се одлични ученици, напротив често сме имале многу добри резултати со ученици што покажуваат послаб интерес во наставата

3. Да се обезбеди ручек во текот на два дена тренинг.

- ако не сте во можност да обезбедите ручек, потребно е на учениците да им јавите да си понесат пари или готов оброк (сендвич)

њ

4. Да се контактираат локалните медиуми и да се организира отвора е на изложбата.

- ние ќе ви доставиме нацрт соопштение за медиумите и неколку соодветни фотографии

5. Да се контактираат другите училишта и професори за да си ги донесат своите ученици на изложбата.

- точниот распоред и бројот на групите е ваша одлука

Како координатор, вие сте главна и одговорна личност за поставување на изложбата во одбраната установа, како и за координирање на посетата од основните и средните училишта од вашиот крај. Но, тоа не значи дека треба да бидете и единствената личност вклучена во организацијата. Изложбата ќе биде успешен едукативен настан дури кога во организацијата ќе се вклучат луѓе од различни струки и интереси посветени на истата цел.

Ќе бидете личноста што ги координира другите волонтери и волонтерки што работат на проектот. Ваша должност е да надгледувате што се случува и да бидете во контакт со МОФ и со другите установи од локалната заедница вклучени во проектот. Тоа, исто така, значи и да поднесете извештај по завршувањето на изложбата во вашиот град.

Фала ви што ја презедовте оваа улога. Работата на Куќата на Ана Франк, како и на организацијата МОФ, во голем дел се потпира на работата и на поддршката на луѓе како вас. Бидејќи се непрофитни организации, тие зависат од преданоста на учениците и наставниците вклучени во проектот.

За Ку□ата Ана Франк

Куќата Ана Франк – Организацијата *Anne Frank House* во Амстердам – е основана од таткото на Ана, Ото Франк, 1957 година. Денес таа е музеј и меѓународна непрофитна образовна организација. Музејот се наоѓа на местото каде што Ана Франк, заедно со седум луѓе се сокривала од нацистите помеѓу 1942 и 1944 година. Куќата Ана Франк развива меѓународни образовни програми и материјали со нагласување на Дневникот на Ана Франк. Организацијата, исто така, развива и произведува образовни материјали што се занимаваат со тематиката на човековите права, борбата против расизмот и културата на почитувањето на различностите.

Контакт на Куќата Ана Франк:

Kontakt Kuće Anne Frank:

Anne Frank Stichting
PO Box 730
1000 AS Amsterdam
Tel: 011 31 (20) 5567100
Fax: 011 31 (20) 638 9856
www.annefrank.nl

Претставничка на куќата Ана Франк за подрачјето на бивша Југославија е д-р сц. Маја Ненадовиќ:
M.Nenadovic@annefrank.nl

За МОФ:

Младински образовен форум е младинска заедница која создава простор за дебата, слободно изразување и младинско организирање, охрабрува активизам, ги штити и унапредува мласинските права и политики.
МОФ ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и преку мотивирање и поддршка на младите.

Активностите на организацијата се реализираат преку четири програми:

1. Дебатна програма
2. Учиме право програма
3. Програма за истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики
4. Програма за младински активизам

   МОФ е активен на национално ниво, спроведувајќи ги своите програмски активности во 10 градови во Македонија.

Во младинските клубови на МОФ на годишно ниво членуваат повеќе од 1000 корисници, членувајќи во програмските области Дебата, Учиме право и Медиа/Арт.

Претставник на МОФ и главен координатор на изложбата во Македонија е Са а Стефановиќ.

Електронска пошта: sanja_stefanovik@mof.org.mk или info@mof.org.mk
Број на телефон: 078 421 568
Претседателка на организацијата: Сандра Анастасовска
Број на телефон: 078 421 554
Веб страница на МОФ: www.mof.mk

## За патувачката изложба

Главна цел на меѓународната патувачка изложба Ана Франк – историја за денес е да ги поттикне посетителите на промислување на поимите како толеранција, почитување на различностите, човекови права и демократија во контекст на денешнината. Изложбата тоа го прави изнесувајќи ја животната приказна на Ана од перспективата на семејството Франк, паралелно донесувајќи ја и историјата на холокаустот. Напоредните елементи што ги содржи изложбата ги предизвикуваат посетителите критички да размислуваат за сличностите и разликите на овие историски случувања и за ситуациите од сегашноста.

Другите цели на изложбата вклучуваат:

- проучување на историјата на холокаустот од гледната точка на семејството Франк
- истакнување на постоењето на различностите меѓу луѓето (културни, етнички, расни, верски, политички) во сите општества и историски раздобја (имено, во многу општества постојат такви што себеси се сметаат за подобри, па на другите им го порекнуваат правото на еднаквост)
- приказ како идејата за надмоќ на една група над друга води кон дискриминација, издвојување, прогон и убивање
- поттикнување на посетителите да ги промислат вредностите како толеранцијата, меѓусебното почитување, човековите права и демократијата (освестување на идејата дека општеството во кое се почитува различноста не станува само од себе, тоа бара сите да бидеме чувствителни на кршењето на човековите права на другите поединци и групи).

### *Содржина*

Животната приказна на Ана Франк е нитката што се провлекува низ целата изложба поделена на пет периоди. Во секој од нив се обработува посебна тема значајна за денешнината.

Воведен панел

Содржи цитати за Ана Франк и нејзиниот дневник. Доаѓаме до спознанија дека значењето на Ана Франк и на нејзиниот дневник може да се толкува разнолично.

*1 период: 1929 – 1933*

Првите четири години од животот на Ана. Подемот на нацистите.

Теми: национализам, создавање жртвени јагниња.

*2 период: 1933 – 1939*

Семејството Франк се наоѓа во прибежиште во Холандија. Прогонот на Евреите во Германија.

Теми: изгонување на луѓето што се сметаат за поинакви.

*3 период: 1939 – 1942*

Семејството Франк и други Евреи се прибиени во ќош. Почеток на активните прогони на Евреите во источна и западна Европа.

Теми: обликување на човечките ставови, морална храброст.

*4 период: 1942 – 1945*

Животот и сокривањето на семејството Франк во тајното скривалиште каде што Ана го пишува дневникот. Апсење и депортација.

Тема: шоа.

*5 период: 1945 – денес*

Објавување на Дневникот на Ана Франк и реакциите на дневникот.

Теми: важноста на човековите права и индивидуалното дејствување.

Посебен додаток на изложбата се 7 панели со локалните приказни што се занимаваат со историјата и темите врзани за Македонија.

## Образовна структура

*Засебни приказни*

Животната приказна на Ана Франк е рамка на изложбата, но се говори и за други личности. Нивните искуства и приказни се извор на дополнителни информации. Поистоветувајќи се со Другиот и со неговите искуства и чувства, историските факти и случувања попримаат човечка димензија и стануваат поразбирливи.

*Прашања*

Добро поставено прашање често е повредно од одговорот.

*Слоевити информации*

Посетителите што во брзање ќе ги погледнат главните фотографии и текстот ќе бидат во состојба да ја разберат клучната порака на изложбата, додека оние со повеќе време и трпение ќе примат многу повеќе информации.

*Поттикнување љубопитност*

Изложбата е направена на таков начин што предизвикува љубопитност и критичко промислување. Историските факти се претставуваат интерактивно од перспективата на основношколци и средношколци. Примањето информации на тој начин станува процес во кој посетителот учествува.

Изложбата доаѓа кај учениците, што има свои предности, особено за градот и установата домаќини на изложбата. Во спротивно, училиштето би имало 45 до 90 минути за посета на изложбата, а вака на располагање имаат повеќенеделен период. Во текот на гостувањето на изложбата во училиштето, самото нејзино присуство ќе биде повод за

њ

расправа. Гостува ето на изложбата во училиштето им дава пригода на наставниците и на учениците покрај содржината на изложбата да осмислат и други активности.

Вредноста на изложбата е и тоа што се промовира врсничката едукација. Постарите ученици можат да им бидат водачи на помладите и можат да ги модерираат расправите. Учениците можат да си ги поканат своите родители и другите членови на заедницата да ја посетат изложбата и да учествуваат во активностите.

## Избор на локаци□ата на изложбата, поставува ето и симнува ето на панелите

Наоѓа ето пригоден простор за изложбата е од неодминлива важност. Доколку е поставена во училницата далеку од средишниот простор на школото, веројатно нема да ја видат голем број луѓе. Според тоа, клучно е да се пронајде најдоброто можно место, по можност простор низ кој учениците редовно поминуваат. Тоа не е секогаш едноставно, но изложбата може да се прилагоди на просторот. Библиотеки, галерии, ходници и трпезарии се примери за одлични простори за изложбата.

Поставува ето и симнува ето на изложбата се релативно едноставни, но корисно е да се има барем пет ученици водичи, кои ќе помагаат. Поставува ето на изложбата кај учениците го зајакнува чувството на поврзаност со проектот. Изложбата може да се постави за 90 минути.

Изложбата на вториот ден од тренингот ќе ја постават учениците водичи со помош на тренерот од МОФ. Во текот на тренингот ќе се дознае и како изложбата се разделува така што панелите можат лесно да се постават во кутиите по завршува ето на изложбите.



њ

*Примери на поставува е на изложбата во зависност од просторот во кој се наоѓа*


Чаковец

Осијек




Крк



Копривница



Дарувар




Загреб

## Водење низ изложбата – врсничка едукаци□а

Куќата на Ана Франк има долгогодишно искуство со работа со методот на врсничката едукација. Учениците имаат важна и активна улога во донесувањето на изложбата во нивното училиште и во организацијата на попатните активности. Тоа е главниот елемент на оваа метода на едукација со ученици водичи за тие самите да можат да си ги водат своите врсници низ изложбата.

Врсничката едукација со водичи ја водат посебно оспособени тренери. Работилницата трае два дена и обично се организира во петок и сабота. Учениците поминуваат едукација на различни теми врзани со изложбата, од холокаустот до тоа како да се однесуваат во осетливите ситуации што би можеле да им се случат во текот на водењето на изложбата. Учениците, исто така, вежбаат како јавно да настапуваат и како да се носат со посетителите што го попречуваат водењето. Врсничките водичи обично се ученици што покажуваат интерес за историја – но не нужно и најдобрите ученици во паралелката.

Важен аспект на врсничката едукација е и нејзиниот потенцијал да влијае врз формалното образование. Низ интерактивниот пристап учениците активно учествуваат во образовниот процес, наместо да бидат пасивни приматели на информации. Неформалното образование, базирано на критичката педагогија, го зајакнува и едукаторот давајќи му алатки за поефикасно пренесување на знаењето.

## Вклучување на заедниците

Гостувањето на изложбата во основните и средните училишта им овозможува на домаќините во изложбата да вклучат и други школи, како и пошироката општествена заедница.

Дневникот на Ана Франк ги привлекува сите оние што во некој миг од својот живот се сретнале со предрасудите и дискриминацијата. Иако Ана Франк била Еврејка, нејзината приказна не е само еврејска приказна, нацистите се прогонувачи на многу други малцинства во Германија и Европа. Темите со кои се занимава изложбата се битни за сите културни, расни, верски и етнички групи во заедницата сè додека постојат предрасудите и дискриминацијата.

Поврзувањето со пошироката заедница треба да се има предвид при планирањето на изложбата. Тоа е ваша одговорност како координатор. Повеќемина координатори најпрвин ќе ја исцрпат сопствената мрежа на познанства за да дојдат до неколку клучни личности во заедницата. Потоа ќе биде појасно колку е широка заедницата заинтересирана за проектот, и кои препреки ве очекуваат.

Со оглед на тоа дека изложбата гостува во училиштата, пожелно е да се контактираат и претставници на власта од подрачјето на образованието, на пример управниците на училиштата и членовите на училишните одбори.

На многу организации им е клучен контактот со училиштата, а ваше е да одлучите колку локални организации можат да придонесат во проектот. Училиштата, исто така, ќе имаат визија на она што го сакаат од проектот. Според тоа, бидете внимателни да не ветите повеќе од што знаете дека можете да исполните.

Штом стане јасно дека постои доволно интерес, пожелно е да стапите во контакт со локалните медиуми. МОФ на сите локални координатори на изложбата им дава на располагање информациски пакет за односи со јавноста.

## Договарање и координација на групните посети

Изложбата е отворена за јавноста, но првенствено им е наменета на учениците што ја посетуваат изложбата во најавените групи што ги водат учениците водичи.

Во поголемиот број случаи учениците на изложбата донесуваат професори во рамки на теренската настава или на класните часови.

Установата што е домаќин на изложбата одлучува како ќе бидат организирани посетите, ќе постојат ли одредени делови од денот кога учениците водичи ќе ги чекаат групите или за секоја поединечна група ќе се организира посебно водство.

Вообичаена пракса е локалниот координатор да ги контактира школите и другите установи што би можеле да бидат заинтересирани за изложбата.

Препорачано е првите неколку посети на изложбата учениците водичи да ги прават во пар, а подоцна, кога ќе стекнат повеќе самодоверба, можат и сами да ги водат групите.

Водењето низ изложбата во проектот трае половина час. Во некои установи пред изложбата на посетителите им се прикажувал получасовниот филм *Краткиот живот на Ана Франк* за да се воведат во тематиката.

## Свеченоста на отворањето на изложбата

Отворањето на изложбата има повеќекратна улога:

- да ѝ даде службен карактер на изложбата
- да им пружи на медиумите пригода за фотографирање
- да им се заблагодари на вклучените во организацијата, особено на учениците водичи.

Клучните елементи на свеченоста со нагласување на изложбата Ана Франк – историја за денес, вклучуваат:

- читање извадоци од Дневникот на Ана Франк
- два до пет кратки говори.

Во свеченоста на отворањето можно е да се вклучи музичка подлога. Ја предложуваме композицијата *Eine Kleine Nachtmusik*, која во својот дневник Ана Франк ја споменува како омилена.

Некои свечености на отворањето вклучуваа и претстави, церемонијално сечење лента или прикажување на филмот *Краткиот живот на Ана Франк.*

## Матери□али за односи со □авноста и медиумската промоци□а на изложбата

*Пример за известување на медиумите за изложбата*

Изложба Ана Франк – историја за сегашност во (име на установата и градот)

Патувачката изложба Ана Франк – историја за сегашност на триесетина изложбени панели донесува бројни детали од живото на еврејското девојче и нејзиното семејство на крајот на Втората светска војна, но и го актуелизира прашањето за повторната појава на нацистичката идеологија во современиот свет.

Изложбата е остварена во склоп на проектот *Хисторија, историја, повјест*, а организатори се Младински образовен форум и Куќата на Ана Франк од Амстердам.

Девојчето, во целиот свет препознаено како симбол на детските жртви на холокаустот, е родено во Франкфурт на Мајна во 1929 година. Четири години подоцна со семејството се сели во Амстердам, по што во Германија на сила стапуваат противеврејските закони. Кога и животот во Амстердам станува сѐ поопасен за Ана и нејзиното семејство, тие се селат во тајното скривалиште каде што Ана во текот на две години пишува дневник. Во август

1944 година е забележан последниот запис во дневникот, а набргу е откриено и скривалиштето во кое се криела со семејството. Петнаесетгодишната Ана умира во логор. Единствениот преживеан член на семејството е Ото Франк, нејзиниот татко, кој и го објавил дневникот.

Посетителите низ изложбата ќе ги водат посебно обучени ученици водичи, волонтери на изложбата.

Изложбата Ана Франк – историја за денес е бесплатна и отворена за јавноста: од (датум) до (датум) во просториите (да се наведе локација и адреса) каде што ќе се одржуваат и организирани групни посети за средните и основните училишта.

Отворањето на изложбата ќе биде на (датум) во (време) часот во (да се наведе локација и адреса).

Изложбата можете да ја разгледате: (да се надополни со термини).

За дополнителни информации и пријава на организирани посети можете да го/ја контактирате: (наведете податоци за контакт на локалниот координатор на изложбата)

*Пример за постер за изложбата*




**EKONOMSKA I TURISTIČKA ŠKOLA**
**DARUVAR**

**poziva vas na otvaranje izložbe**

**ANNE FRANK**
**- povijest za sadašnjost**

**u utorak, 16. rujna 2014. u 12 sati**
**u prostorima srednjih škola, Gundulićeva 14, Daruvar**

**Izložba je otvorena**
**od 16. - 30. rujna 2014. od 8 do 14 sati.**

**Informacije:** **tel. 043/ 331-079**
**e-mail: etsda@etsda.hr**

EKONOMSKA I TURISTIČKA ŠKOLA
1928
DARUVAR


Ana Frank
Ана Франк
Историја за денес
Histori për sot
anne frank house
МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM
Kingdom of the Netherlands
Овој проект е финансиран од средства од Европската унија.
Делата го претставуваат исклучиво ставот на авторите и Европската унија не сноси одговорност за нивната содржина.
Ky projekt është financuar me mjete të Unionit Evropian. Veprat e paraqesin ekskluzivisht qëndrimin e autorëve dhe Unioni Evropian nuk mban përgjegjësi për përmbajtjen e tyre.

Њ

*Пример за покана за отвора ето на изложбата*



Anne Frank
- povijest za sadašnjost

Hrvatska edukacijska i razvojna mreža za evoluciju sporazumijevanja (HERMES)
u suradnji s Kućom Anne Frank

ima čast pozvati Vas na predstavljanje izložbe

Anne Frank - povijest za sadašnjost

Sveučilišna knjižnica u Splitu
utorak 18.02.2014 u 18 sati

HERMES anne frank house Projekt financiran sredstvima Europske unije Kingdom of the Netherlands



# Ана Франк
# Ana Frank

Историја за денес

Histori për sot

It is our pleasure to invite you to the opening of the exhibition "Anne Frank - history for today". The opening for the public is in the Holocaust Memorial Center of the Jews from Macedonia (the Holocaust Museum) on 04.02.2016, starting at 19:00.

Programme:
- 19:00 - 19:30 - Arrival of guests
- 19:30 - 20:00 - Formal addressing from the organizers and guest speakers
- 20:00 - Organized tours for viewing the exhibition
- 20:30 – Cocktail

The exhibition is part of the project „Historija, Istorija, Povjest- lessons for today" – organized by Youth Educational Forum, Anna Frank House from Amsterdam in collaboration with Holocaust Memorial Center of the Jews from Macedonia.

**Supported by the European Union and Embassy of the Kingdom of the Netherlands in Macedonia**

The exhibition is created in Macedonian and Albanian language; the opening will be in Macedonian language.

Овој проект е финансиран од средства од Европската унија.
Ky projekt është financuar me mjete të Unionit Evropian.



# Ана Франк
# Ana Frank

Историја за денес

Histori për sot

Ни претставува особена чест да Ве поканиме на отварањето на изложбата „Anne Frank – history for today". Отварањето за јавност е во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија (Музејот на холокаустот) на 04.02.2016 година со почеток во 19:00 часот.

Програма:
- 19:00 – 19:30 - Пристигнување на гостите
- 19:30 – 20:00 – Официјално обраќање на организаторите и гости говорници
- 20:00 - Организирани тури за разгледување на изложбата
- 20:30 – Коктел

Изложбата е дел од проектот „Istorija, historija, povjest – lessons for today", организирана од Младински образовен форум и Куќата на Ана Франк од Амстердам во соработка со Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија.

Поддржана од Европската Унија и Холандската амбасада во Македонија.

Изложбата е изготвена на албански и македонски јазик, додека отварањето ќе биде на македонски јазик.

Овој проект е финансиран од средства од Европската унија.
Ky projekt është financuar me mjete të Unionit Evropian.



# Ана Франк
# Ana Frank

Историја за денес

Histori për sot

Na paraqet nder të veçantë T'ju ftojmë në hapjen e ekspozitës „Anne Frank – history for today".

Hapja për publikun do të ndodhë në Qendrën Memoriale të Holokaustit të Hebrenjve të Maqedonisë ( Muzeu i Hollokaustit) më datë 04.02.2016, me fillim në ora 19.00.

Programi:
- 19:00 – 19:30 – Mbërritja e të ftuarve
- 19:30 – 20:00 – Fjalim zyrtar i organizatorëve dhe diskutuesve të ftuar
- 20:00 – Grupe të organizuara për të vizituar ekspozitën
- 20:30 – Koktel

Ekspozita është pjesë e projektit "Istorija, historija, povjest – leksione për të tashmen", e organizuar nga Forumi Arsimor i të Rinjve, Shtëpia e Ana Frank nga Amsterdami në bashkëpunim me Qendrën Memoriale të Hollokaustit të Hebrenjve nga Maqedonia.
E mbështetur nga Bashkimi Evropian dhe Ambasada e Holandës në Maqedoni.
Ekspozita është përpiluar në gjuhën shqipe dhe maqedonase, ndërsa hapja do të mbahet në gjuhën maqedonase.

Овој проект е финансиран од средства од Европската унија.
Ky projekt është financuar me mjete të Unionit Evropian.

## Дополнителни образовни можности и матери□али покра□ изложбата

Изложбата е важен образовна и воспитна алатка, ко за максимално да ги искористите образовните можности што таа ги нуди, важно е да биде пропратена со дополнителни наставни и вонанаставни активности. Учениците покрај изложбата обично ќе се задржат помеѓу 30 и 45 минути. Но, наставниците можат да го продолжат времето што учениците ќе го поминат со изложбата и со темите со кои таа се занимава со помош на школските проекти, во склоп на наставата или надвор од неа.

Покрај изложбата можете, ако поседувате потребна опрема и простор да посетителите да им го прикажете получасовниот филм *Краткиот живот на Ана Франк*, кој може да послужи како добар вовед за темите на холокаустот, животот на семејството Франк и Втората светска војна.

Училиштата, а понекогаш и поединечни наставници, сакаат да ги развијат сопствените пропратни активности. Изложбата може да се поврзе со следниве теми и подрачја:

- историјата на Втората светска војна
- холокаустот
- образование против расизам
- книжевност на 20 век
- образование за различностите и мултикултурата
- општествени науки
- граѓанско воспитание и образование
- еврејска култура
- современа европска историја.

Најдобар начин за организација на пропратните активности е да се поттикне интердисциплинарен пристап преку соработка на предавачи од различни предмети. На тој начин активностите не мора да бидат ограничени на 45 училишни часови.

Искуството на Куќата Ана Франк покажува дека училиштата со задоволство организираат интердисциплинарни активности.
На пример:

њ

*Драмски и театарски приредби.* Чест начин за збогатува е на изложбата. Најпопуларен избор, се разбира, е Дневникот на Ана Франк, претстава што остварува бројни изведби во дел од светот. Освен тоа, со поврзана тематика се занимаваат и драмите *Соништата на Ана Гранк* на Бернард Копс и *Тогаш дојдоа по мене*. Првата ѝ е наменета на помладата публика, а втората е мултимедијална игра за животите на Хело Силверберг и Ева Шлос кои ја познавале Ана Франк (мајка ѝ на Ева се омажила со татко ѝ на Ана по војната).

*Филмски фестивали*. Многу наставници во паралелката покажуваат играни и документарни филмови. Понекогаш наставниците заедно со учениците организираат мали филмски фестивали во училиштето. По филмовите следува расправија.

*Предавања и дискусии*. Едноставно е да се организираат, а можат доста да придонесат за програмата. Воопшто е пожелно да се имаат неколку предавања што ќе ја збогатат програмата. Во многу еврејски заедници има луѓе што го преживеале холокаустот а што би можеле да дојдат во училиштето и да разговараат со учениците. Задругите што се занимаваат со човекови права, со култура, со промоција на различностите исто така можат да предложат говорници.

*Музика.* Училиштата неретко ја организираат свеченоста на отворањето со музичка програма, најчесто со класична музика. Понекогаш се изведува и клезмерска музика.

Договор со ХЕРМЕС, локалниот партнер на Ку□ата Ана Франк

Установата во која ќе биде организирана изложбата склучува договор со ХЕРМЕС, кој треба да биде потпишан пред преземањето на изложбата. Еве пример за таков договор:

ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Хрватската едукациска и разво□на мрежа за еволуци□а на спогодбата (понатаму ХЕРМЕС), ул. Бабониќ 52, 10000 Загреб, ЕМБ 31548573314, застапена од претседателот г. Твртко Патер
и
УСТАНОВАТА ХХХ, адреса, град, застапена од управникот/чката г./г-ѓа ИМЕ и ПРЕЗИМЕ

ХЕРМЕС и УСТАНОВА ХХХ понатаму во текстот заедно: договорени страни;
го склучија на ден вторник, 1 април 2014 во Осиек следниот

ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА
на проектот Изложба Ана Франк – историја за сегашност

Член 1.

Договорените страни согласно потврдуваат дека УСТАНОВАТА ХХХ е партнер на ХЕРМЕС на проектот изложба Ана Франк – историја за сегашност во периодот за соработка од 28 март до 14 мај 2014 година.

Член 2.

УСТАНОВАТА ХХХ како партнер се обврзува во периодот за соработка да ги изврши следните работи на проектот:
- да отстапи и да подготви простор за изложбата
- да ѝ овозможи на јавноста слободен влез на изложбата (бесплатен влез)
- да отстапи и да подготви простор за складирање во установата за чување на амбалажите на изложбата за време на нејзиното траење
- да ја промовира изложбата на сопствените средства за комуникација (интернет, локални медиуми)
- да му ја јавува на ХЕРМЕС секоја евентуална промена на изложбата.

Член 3.
Договорените страни се согласни дека овој договор е бесплатна правна работа.

Член 4.
Договорените страни се согласни дека сите евентуални недоразбирања и спорови што ќе произлезат од овој Договор или што ќе се однесуваат на неговото толкување или валидност, ќе ги решаваат со договор, а, во спротивно, се согласуваат за надлежност на Општинскиот граѓански суд во Загреб.

Член 5.
Овој Договор стапува на сила на денот на неговото потпишување од страна на договорените страни. Договорените страни можат да го откажат овој Договор со претходно пишано известување до другата договорена страна, пратено по пошта, со отказен рок од 30 дена, кој почнува на денот на предавањето на пишаното известување во пошта.

Член 6.
Договорот претставува потполно согласување на договорените страни во однос на предметот на Договорот од чл. 1. Секој додаток на овој Договор ќе биде валиден и ќе ги обврзува договорените страни единствено доколку е составен во пишан облик и е потпишан од овластени претставници на двете договорени страни.

Член 7.
Поништувањето на поединечни одредби на Договорот не влијаат на валидноста на останатите одредби на Договорот, ниту на валидноста на Договорот во целина, и, исто така, другите валидни одредби на Договорот остануваат и понатаму на сила додека поништените одредби ќе се заменат со валидни, согласно спогодбата на договорените страни, а и во согласност со намерата и целите што страните ги имале и сакале да ги исполнат во текот на договарањето на поништените одредби на Договорот.

Член 8.
Овој Договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорена страна.

Договорените страни изјавуваат дека го прочитале овој Договор, ја разбрале неговата содржина, и во знак на прифаќање и израз на слободна волја го потпишуваат.

Хрватска едукациска и развојна мрежа за еволуција на спогодбата (ХЕРМЕС)

Твртко Патер
претседател

УСТАНОВА ХХХ

ИМЕ ПРЕЗИМЕ
Управник/чка

## Превезување на изложбениот матери□ал

МОФ има обезбедени симболични средства за пренесување на изложбата од град во град, но секоај помош во поглед на превезување на изложбата до следниот град ни е добредојдена.

На среќа, изложбениот материјал го собира во автомобил со стандардна величина.

Некои установи имаат и службени возила, но ако не е таков случајот, може да се побара поддршка од градските власти или поединци од градот кои би сакале да помогнат.

## Трошоци на патувачката изложба

Накратко, доколку за тоа имате можност, вашите координациски трошоци се следниве:
- храна и пијалаци за учениците и тренерите за време на дводневниот тренинг.

На вториот ден од тренингот, во текот на поставувањето на изложбата, учениците се запознаваат со методот на поставување и расклопување на изложбените панели. По завршувањето на изложбата, тие многу лесно можат одново да се постават во кутиите по што треба лесно да се превезат до местото каде што изложбата ќе биде организирана по гостувањето во вашиот град.

## Известување за гостувањето на изложбата во вашиот град

Откако изложбата ќе заврши, би ве замолиле да ни доставите:
- проценка на бројот на посетители (број на групи x број на ученици по група + заокружена проценка на другите посетители)
- линкови од интернет или исечоци од медиуми за изложбата во вашиот град
- фотографии од отворањето.

<u>За известувањето, исто така, потребно е да се достави (ова е задача на главниот координатор на изложбата):</u>
- најмалку три фотографии од тренингот
- попис на имињата на учениците водичи
- неколку скенирани записи од Книгата на впечатоци.

*Пример за извештај за изложбата во вашиот град:*

ТРЕНИНГ ЗА УЧЕНИЦИ ВОДИЧИ

| Име | Град | Училиште |
|---|---|---|
| Ана Аниќ | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Хрвоје Хорват | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Ана Аниќ | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Хрвоје Хорват | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Ана Аниќ | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Хрвоје Хорват | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Ана Аниќ | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Хрвоје Хорват | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Ана Аниќ | Чаковец | Средно училиште Чаковец |
| Хрвоје Хорват | Чаковец | Средно училиште Чаковец |







ОТВОРАЊЕ НА ИЗЛОЖБАТА И ВКУПЕН БРОЈ ПОСЕТИТЕЛИ

| Град | Локација на изложбата | Датуми | Број на водени групи | Број на ученици во водените групи | Вкупен број водени посетители | Процена на бројот на поединечни посетители | Вкупен број |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Чаковец | Центар за култура Чаковец | 22.05.2014 - 30.06.2014 | 12 | 18 | 216 | 1200 | 1380 |








ИСЕЧОЦИ ОД КНИГАТА НА ВПЕЧАТОЦИ

Zgrožene smo činjenicom da je ljudski rod sposoban ovakvo nešto učiniti, no nekakvu utjehu pronašle smo u tome da ipak postoje osobe poput Miep Gies koje su spremne žrtvovati za dobrobit drugih.

Gorčanec Lea, Horvat Viktorija, Magdalena Mesarić

3.06.2014.

Sjećanje na žrtve holokausta dužni smo prenositi na mlade generacije. Činimo li danas dovoljno da spriječimo zlo? [illegible]

23.05.2014

Izložba je više nego dojmljiva, već sama pomisao što sam vidjela u filmovima tih logora, ne znam kako bi to uopće nazvala.

Neka se nikada, i nikada ovako nešto ne dogodi nikome.

Neka im bude duši lako koji su predobri za mene rodbinu 1928 godine, čak i pomogli.

Hvala im srcem, Krištofić Slavica

22.5. 2014. Čakovec

Izložba je zanimljiva i jako dirljiva.
Važno je da svi upamtimo što se dogodilo u prošlosti i da nikad to ne zaboravimo.
Ne zaboravimo prošlost, poštujmo je i pokažimo svoje moralne vrijednosti u sadašnjosti te budućnosti.
Nemojmo izgubiti ljudskost u sebi.

Ana G.

## Додатоци

### Реверс на изложбата

| Вид роба | Количина | Содржина |
|---|---|---|
| Кутија со еднострани стапови | 1 | 60 еднострани стапови |
| Кутија со двострани стапови | 1 | 60 двострани стапови |
| Кутија со држачи за ногарки | 1 | 60 ногарки, 60 држачи за врв |
| Тутурки за плакати | 8 | 38 плакати |
| Макета на тајното скривалиште | 1 | Кутија со деловите за сложува е на макетата |
| Книга на впечатоци Њ | 1 | Книга на впечатоци за посетителите Њ |

## *Упатства за склопува е на изложбените конструкции – поставува е на изложбата*

Изложбата доаѓа во:
- 2 правоаголни кутии (стапови)
- 1 голема кутија (метална основа и врв)
- 8 тутурки (панели).


Еднострани стапови


Двострани стапови

Метална основа 

Метален врв 

Од стаповите, основите и врвовите се сложуваат носачи за панелите (таканаречени рипки). Потребно е најпрвин да се сложат носачите (рипките) за потоа на нив да се постават панелите. Сложува ето треба да се прави во пар (двајца ученици), зашто на тој

начин процесот е многу полесен и е помала веројатноста да се оштети изложбата.



Носачот (рипката) се состои од: 1 метална основа, 2 двострани стапа, 2 еднострани стапа и 1 метален врв. На сликата е видливо како се спојуваат деловите.

Споен носач (рипка). 




Панелите се поставуваат помеѓу два носачи (рипки). Една личност го спојува панелот со металната основа додека другата го развлекува носачот (рипката) кон надвор, за да се олесни спојувањето.

Со оглед на тоа дека нема доволно носачи (рипки) за секој панел да стои засебно, панелите се спојуваат во континуирана линија според принципот среден – преден – среден.
На металната основа и на металниот врв постојат три отвори – преден, среден и заден. Со обѕир на тоа дека на еден носач (рипка) ќе се спојуваат краевите на два панела, не е можно двата да се спојат во средниот отвор, затоа се користи системот среден – преден – среден.



Изложбата може да се постави во просторот на низа начина. Кој начин и да го одберете, важно е панелите да се поставаат хронолошки, и окото на панелот да има доволно место за посетителите.

## *Упатства за дополнително зацврстување и одржување на изложбата*

На секој панел постојат четири агли завиткани со инбус. Аглите мора да бидат добро прицврстени со шраф, за да не се оштети изложбата.


Аголот на панелот стегнат со шраф со инбус.


Пример за панел на кој шрафот му се олабавил и почнал да излегува од панелот.



Инбусот што служи за стега е на шрафовите. Се наоѓа во големата црна кутија во вреќичката за алат.

HISTORIJA
ISTORIJA
POVIJEST

www.historijaistorijapovijest.org

anne frank house

HERMES

HUMANITY IN ACTION
Bosnia and Herzegovina

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

Open Communication

YIHRBIH

This project is funded by the EU. The content of its publications is the sole responsibility of its authors and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.